**Антикорупциско тело со полициски овластувања или зголемување на ефикасноста на полицијата при соработката со антикорупциското тело**, ова е **препораката на Драго Кос** , претседател на работната група на ОЕЦД за поткуп во меѓународни деловни односи, дадена на конференцијата „**Моделот на превентивното тело за антикорупција: како функционира сегашниот модел и дали има потреба од измени?**“ што ја организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Транспрентност Македонија ( [ТМ](#) ) на 9 октомври 2017 година.




„Самиот Закон за спречување на корупцијата и не е толку штетен“, рече тој, „проблемот е што политичарите во Македонија нашле начин да го заобиколат и да го **заробат работењето на антокорупциското тело**“, додаде Кос, поранешниот претседател на Антикорупциската комисија на Словенија.

За Вања Михајлова, поранешен член на [ДКСК](#) , потребно е **да се донесе нов закон за спречување на коруцијата** кој ќе опфати и спречување на судирот на интереси кој сега е регулиран со посебен закон. „За да се надминат досегашните проблеми и слабости потребно е **да се преиспитаат постапките и критериумите за именување на членовите во Државата комисија за спречување на коруцијата (ДКСК)** за да се зголеми довербата на граѓаните во оваа институција“, додаде таа. Новото законско решение го поддржа и Хари Локвенец, пратеник во Собранието на РМ и заменик претседател на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. Тој исто така се заложи за тоа анкетните листови на функционерите да останат достапни за јавноста и по завршување на нивните функции.


СЛЕДЕЊЕ НА
РАБОТАТА НА
ДРЖАВНАТА
МЦМС
IPA

